# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија” бр.55/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ КНИГИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на деловната книга за производство на репродуктивен материјал и деловната книга за промет на репродуктивен материјал.

## Член 2

Деловната книга за производство на репродуктивен материјал содржи:

- за календарска година______________ ,

- реден број,

- дрвен вид (латинско и народно име),

- регистарски број на призната единица или идентификациски код на провениенциското подрачје,

- број на уверението за потекло на репродуктивен материјал,

- категорија на репродуктивен материјал,

- година на зреење (за семенски материјал),

- старост и начин на производство (за саден материјал),

- година на собирање и вид на делови од растение (резници, експлантати, др.),

- количина на репродуктивен материјал ( со 30. 06 и 31. 10) и

- забелешка.

Образецот на деловната книга од став 1 на овој член е даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Деловната книга за промет на репродуктивен материјал содржи:

- за календарска година________ ,

- реден број,

- промет со репродуктивен материјал,

- број на документот со кој е извршен прометот (увоз-извоз, МК),

- намена на репродуктивен материјал (озеленување и хортикултурно уредување/ пошумување и обнова на шумите, дрвен вид),

- количина на репродуктивен материјал: семе (kg), делови од растение / садници

(парчиња) и

- забелешка.

Образецот на деловната книга од став 1 на овој член е даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Деловните книги од член 2 и 3 на овој правилник се водат во пишана форма.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09 - 12547/1

1 октомври 2008 година

Скопје

Министер,

Ацо Спасеноски, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

# Д Е Л О В Н А   К Н И Г А
## ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

За календарска година: _______________

| Ред. бр. | Дрвен вид (латинско и народно име) | Регист. број на признатa единица или идентиф. код на провен. подрачје | Број на уверението за потекло на репродуктивен материјал | Катего-рија на репродуктивен материјал | Година на зреење (за семен. матер.) | Старост и начин на произв. (за саден матер.) | Година на собирање и вид на делови од растение (резници, екплантати и др.) | Количина на репродуктивен материјал | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | со 30.06. | со 31.10. | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 11 | 12 |
| 1 | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | |

ПРИЛОГ 2

# Д Е Л О В Н А   К Н И Г А
## ЗА ПРОМЕТ НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

**За календарска година:** ..............

| Ред. бр. | Промет со репродуктивен материјал | | Намена на репродуктивен материјал | | Количина на репродуктивен материјал | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Увоз-извоз број на документот со кој е извршен прометот | **МК** број на документот со кој е извршен внатрешен прометот | Озеленување и хортикултурно уредување | Пошумување и обнова на шумите (дрвен вид) | Семе (kg) | Делови од растение (парч.) | Садници (парч.) | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |